**ОпштинаШутоОризари-Komuna Šuto Orizari-KomunaShutoOrizari**
**РепубликаСевернаМакедонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e MaqedonisësëVeriut**

Бр- No-Nr. 10-352/9
26.09 2023 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

**Во согласност со член 27 став (5) и член 50 став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/20 и 111/23) и Одлуката од Советот на Општина Шуто Оризари со арх.знак 08-710/22 од 19.09.2023 година за утврдување на предлог на нацрт Детален Урбанистички план за Градска четврт С.06 за блоковите 02,03,04,05,07,09,10,11, 12,13 и 14, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, организира Јавна анкета и јавна презентација и го издава следното**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДЛОГ НА НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.06 СО БЛОКОВИ 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13 И 14 КО БУТЕЛ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ



**ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ-МЕСТОПОЛОЖБА НА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С.06 СО БЛОКОВИ 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13 И 14**

**Границата на Градска четврт С.06, во општина Шуто Оризари е дефинирана со границата на блоковите 02,03,04,05,06,07,09,10,11,12,13 и 14, одредени со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012—2022 година**

**Предеметниот опфат граничи со:**

**-На Северозапад со Градска четврт С.03 (осовина на ,,Новопланирана собирна улица 14'') и Градска четврт С.06 (осовина на собирна ул,,Индира Ганди 31'' и сервисна улица ,,С4-Брсјачка Буна'').**

**-На север се граничи со Градска четврт С.04 и С05 (осовина на ,,Новопланирана собирна улица 21'').**

**-На североистоксе се граничи со Градска чртврт С.07 (осовина на собирна улица ,,Индира Ганди-Шуто ,,Шуто Оризари''), сервисна улица С7, ,,Нов живот'' (1158), сервисна улица С5 ул. ,, Хаџи Јован Шишко'').**

**-На југ се граничи со Градска четврт ССИ 02 .**

**-На запад се граничи со со границата од ГУП (,,Новопланирана собирна улица 13'' .**

**Согласно опишаните граници, вкупната површина на планскиот опфат на Градска четврт С06 изнесува изнесува 104,20 ха.Согласно член 27 став (5) член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20 ) со Јавен повик се известуваат сите заинтересирани жители , правни субјекти и релеваннтни институции дека ќе се оддржи Јавна анкета**

и Јавна презентација  за предлог на Нацрт детален урбанистички план за Градска четврт С.06 за блоковите 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13 И 14 КО Бутел која се наоѓа во рамките на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година.

Јавната анкета ќе започне 15 (петнаесет дена) од денот на објавувањето на овој Јавен повик и ќе започне на ден 12.10.2023 година, заклучно со 10.11.2023 година и ќе трае 30 (триесет) календарски денови.Јавната презентација ќе се оддржи на ден 31.10.2023 година во салата за состаноци на Советот на Општина Шуто Оризари со почеток во 9 (девет) часот.

Нацрт предлогот  на деталниот урбанистички план за Градска четврт С.06за блоковите 02,03,05,06,07,09,10,11,12,13 И 14 КО Бутел ќе биде изложен во холот на административната општинска зграда на улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36 секој работен ден од 8-16 часот.

Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица и надлежни институции, дека своите забелешки , дополнувања и мислења, за време на спроведувањето на јавната анкета и јавната презентација ќе  можат да ги приложат во анкетните листови кои ќе бидат достапни во хартиена форма во општинската зграда или во електронска форма кои ќе бидат достапни преку информацискиот систем е-урбанизам со број на пстапка 39700 и на веб странатa на општина Шуто Оризари www. sutoorizari.gov .mk

Ова Соопштение со Јавниот повик ќе биде објавено на огласната табла  во административната општинска зграда, на веб стараната на општината www. sutoorizari.gov.mk во информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 39700,  и со соопштенија и плакати околу подрачјето на планскиот опфат.

Скопје 26.09.2023

Општина Шуто Оризари
Градоначалник

Курто Дудуш